ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **22.10.2018 година** во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општината **Борјанчо Мицевски**, Секретарот на Општината **Љубомир Младенов**, претставник од Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија **Валентина Ангеловска** – Виш соработник за локален економски развој, земјоделие и регионална соработка, претставник од Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина **Иван Велиновски** – Советник за урбанистичко планирање, Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, претставник на Одделение за човечки ресурси **Валентина Димитровска** – Виш соработник за управување и координација со човечки ресурси, Раководител на Одделение за правни и општи работи **Јаготка Николовска**, Раководител на Одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски**, Советник за правни работи и застапување **Мартин Николовски**, Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски** и Директор на ЛУ Градски Музеј **Драган Величковски**.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

**Градоначалник**

Дадено е задолжение до ЛУ Градски Музеј Крива Паланка за подготовка на допис/барање до Заводот за заштита на споменици за утврдување на постапката за реновирање на Спомен костурницата во Крива Паланка и уредување на околниот простор околу самата костурница.

Дадено е задолжение за итно и неодложно монтирање на автобуските постојки.

Дадено е задолжение за доследно спроведување и почитување на одредбите од Правилникот за користење на спортски објекти од страна на сите спортски колективи и плаќање на соодветен надоместок за нивно користење.

Дадено е задолжение до сите одделенија, најдоцна до 25-ти во месецот да доставуваат информации за позначајни активности заради нивна објава на веб страната на општината.

Дадено е задолжение за реобјавување на јавниот повик за изградба на водовод во с.Луке и објавување на јавен повик за набавка на нови униформи за вработените во ТППЕ Крива Паланка.

Дадено е задолжение за подготовка на спецификација за објавување на јавна набавка за зимско одржување.

Дадено е задолжение за подготовка и објавување на јавни огласи за вработување административни службеници и помошно технички персонал во општината.

Дадено е задолжение за финално спроведување и доврдшување на постапката за оценување на административните службеници и пондерирање на оценките.

Дадено е задолжение за отпочнување на подготовка на студија за јавно приватно партнерство за изградба на затворен базен со придружна инфраструктура.

Дадена е информација во врска со објавен јавен повик од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија за аплицирање со проекти за пристап до земјоделски површини и задолжение за подготовка на проектни апликации за нова делница за поврзување на м.в.Мизовски Ливади со м.в.Крстата Падина.

Дадено е задолжение за објава на повик за проектирање на просторот на вливот на Дурачка Река во Крива Пека и поставување на панорамска платформа.

Регулирање на проток на странки со затворање на влезната врата и воведување на дежурно лице кое што ќе ја регулира фреквенцијата на странки во општината.

Дадено е задолжение за организирање на настан за доделување на договорите за субвенциониран превоз на студенти, како и за стипендирање на талентирани ученици и талентирани спортисти.

Дадено е задолжение за нарачка на промотивен материјал со лого на општината.

**Секретар**

Информација за добиено известување од одделението за финансиски прашања, а заради добивање на прецизна слика за динамиката на наплатата на побарувањата по однос на закуп за користење на претпростор и комунална такса за истото.

Информација за одржана обука за вработените во општината и планирање на потенцијални нови обуки, а согласно со потребите на вработените.

**Одделение за финансиски прашања**

Информација во врска со тековните исплати на плати и други обврски.

Информација во врска со направениот ребаланс на буџетот за 2018 година.

Информација во врска со плановите за материјални трошоци и роковите за нивна изработка.

Информација во врска со предвидена јавна набавка за набавување на нови униформи за вработените во ТППЕ Крива Паланка и обезбедени средства за нејзина реализација.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Информација во врска со проектот за водомери за кој е подготвено и поднесено проектното фише, со истакнување на предлог за приоритетно изработување на проектот „Баглак – Домачки Дол“, за кој што е потребно одобрение за инфраструктура и подготовка на проектно фише за тој проект.

Информација во врска со подготвена спецификација за распишување на јавен набавка за зимско одржување.

Информација во врска со постапката за проектирање и измени во тек на градба на повеќе локации и истакнување на потребата од допрецизирање на сите измени со донесување на анекс за измени во тек на градба.

Информација во врска со активностите поврзани со прочистување на селски патишта, со резиме дека планот во најголемиот дел е реализиран како таков.

Задолжение за подготовка и доставување на допис до АД „Гранит“ со насоки за подготовка и поднесување од нивна страна на барање до општината за одлагалиште покрај речното корито, по чиешто одобрување да се пристапи кон прочистување на целокупната вегетација покрај самото речно корито.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Информација во врска со подготвена листа на улици за нумерација на објекти со поставување на куќни броеви, со напомена дека постојат определени тековни проблеми и нерешени претходни прашања, поради кои и самата нумерација на објектите ќе биде пролонгирана на неопределено време.

Истакната е потребата од одбележување на стојалишта за такси возила на повеќе различни локации.

Информација во врска со тековните активности за спроведување на испитот за стекнување со сертификат за авто-такси превоз, кој е закажан за 25.10.2018 година.

Информација за тековни поднесени барања во Е-урбанизам и постапување по истите.

Задолжение за неодложно решавање на над 1.500 предмети за легализација на бесправно изградени објекти кои треба да бидат решени со одбивателни решенија.

Информации за урбанистичкиот дел на кој работи ова одделение и потребата од решавање на дилеми за реализација или менување на ДУП во определени урбани блокови на подрачјето на општината.

Информација во врска со другите тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за човечки ресурси**

Информација во врска со завршена постапка по јавен оглас за вработување во ТППЕ.

Информација во врска со завршена постапка по интерен оглас за унапредување на административни службеници во Општина Крива Паланка.

Информација во врска со постапката и роковите за оценување на административните службеници во Општина Крива Паланка од страна на внатрешните оценувачи.

Задолжение за подготовка и објавување на јавни огласи за нови вработувања во ТППЕ и во општинската администрација.

Информација во врска со другите тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Задолжение за организирање и одржување на состанок со претставници на Стопанската Комора на Република Македонија заради утврдување на активности за регистрирање на Општински сојуз на стопанственици.

Информација во врска со подготовката на каталог во рамките на проектот „Шопска софра“.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за правни и општи работи**

Информација во врска со одржаната седница на Советот на Општина Крива Паланка и донесените одлуки.

Информација во врска со исходот од распишаниот јавен оглас за давање на објекти во сопственост на Општината под закуп на правни и физички лица, со резимирање на кандидатите кои ги исполнуваат условите и понатамошниот тек на постапката.

Информација во врска со тековни и завршени тендерски постапки и исходот од истите.

Задолжение за итно свикување и одржување на состанок на возачите во ова одделение и нивно запознавање со интерните процедури за правилно извршување на нивните работни задачи, како и за подобрување на меѓучовечките и колегијалните односи помеѓу нив.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за инспекциски надзор**

Информација во врска со спроведени увиди на лице место и достава на опомени по истите.

Информација во врска со реализацијата на доставата на решенија за даноци на имот на подрачјето на с.Конопница и с.Мождивњак.

Информација во врска со активностите на редарската служба при контрола на чистотата на јавните површини и издавање на соодветни опомени.

Информација во врска со активностите на инспекциската служба и постапување по предмети.

Информација во врска со активностите за чистење на вкупно 24 плочести и цевчести пропусти под магистралниот пат, која што активност ја реализираат ангажираните општи работници и резиме за извадениот материјал со количина од околу 50м3 и потребата од негово навремено собирање и соодветно складирање, како и нотирање на потребата од продолжување на важноста на договорите за ангажирање на општи работници.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

**ЈП Комуналец**

Информација во врска со тековното собирање на смет.

Информација во врска со тековни активности за чистење на теренот на м.в.Пенди Вир и подготовка на истиот за негово озеленување во текот на наредната година.

Истакната е потребата од наплата за користење на спортската сала за одржување на натпревари од страна на спортските клубови, а пред се поради покривање на реалните трошоци за одржување на овој објект.

Задолжение за подготовка на платформи за монтирање на автобуски постојки на предвидените локации на кои сеуште истите не се монтирани.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова претпријатие.

**ЛУ Градски Музеј**

Информација во врска со подготвени договори за откуп на авторско творештво и планирање и организирање на настан за потпишување на истите.

Информација во врска со активностите за подготовка на листа на спомен обележја, која да биде изготвена до крајот на работната недела.

Информација во врска со подготвен и испратен допис до Министерството за култура на РМ за дополнување на блок дотациите за ЛУ Градски Музеј Крива Паланка и задолжение за испраќање на приговор, по кое да се пристапи кон донесување на Уредба за дополнување на блок дотации од страна на Владата на РМ.

Информација во врска со подготовката на Програмата за култура за 2019 година.

Информација во врска со предвидена јавна расправа за децентрализирање на настани од сферата на културата на ден 02.11.2018 година.

Истакната е потребата од набавка на метални полици за архивирање на материјали.

Информација во врска со други тековни активности.

**Изготвил:**
**Мартин Николовски – Советник за правни работи и застапување**
**22.10.2018 година, Крива Паланка**